СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Вторник, 27 август 1963
Скопје
Број 30 Год. XIX

Претплата за 1963 год. изнесува 1.800 дин. Овој број чини 32 дин. Жиро сметка број 802—11/1—698.

209.

На основа на член 171 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И КОМУНИЛНИ ПРАШАЊА И РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Се прогласува Законот за основање Републички секретаријат за градежништво и комунални прашања и Републички секретаријат за народно здравје и социјална политика, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го усвои на седницата на Републичкиот собор, одржана на 24 август 1963 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор, одржана на 24 август 1963 година.

У бр. 2
24 август 1963 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

ЗАКОН

ЗА ОСНОВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ГРАДЕЖНИШТВО И КОМУНАЛНИ ПРАШАЊА И РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАРОДНО ЗДРАВЈЕ И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Член 1

Се основа Републички секретаријат за градежништво и комунални прашања и Републички секретаријат за народно здравје и социјална политика.

Член 2

Републички секретаријат за градежништво и комунални прашања го следи извршувањето на републичкиот општествен план во областа на градежништвото, станбената и комуналната изградба и урбанизмот; го следи дејството на економските мерки и стопанскиот систем во тие области; ја следи работата на установите, институтите и другите организации од областа на унапредувањето на градежништвото, урбанизацијата и станбено-комуналната изградба; го обезбедува спроведувањето на прописите за градежната и урбанистичка инспекција; му предлага на Извршниот совет донесување на прописи и преземање на мерки во областа за кои е основан и врши други управни работи од надлежноста на Републиката доколку некои од нив не се ставени во надлежност на друг републички орган на управата.

Во состав на Републичкиот секретаријат за градежништво и комунални прашања е Градежниот инспекторат.

Член 3

Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика ги врши управните работи од надлежноста на Републиката во областа на заштитата на народното здравје, организацијата на здравствената служба и снабдувањето на Републиката со лекови, санитетски уреди и друг санитетски материјал; ги врши управните работи од надлежноста на Републиката во областа на социјалната политика, особено во областа на заштитата на воените и трудовите инвалиди, мајките и децата, малолетните и старателството, работите на осигурувањето на лицата кои не се опфатени со социјално осигурување и другите видови на социјална заштита на граѓаните, како и системот и организацијата на социјалната заштита.

Во состав на Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика е Санитарниот инспекторат, а спрема Републичкиот завод за здравствена заштита, Републичкиот секретаријат врши определени права и должности.

Член 4

Републичкиот секретаријат за индустрија продолжува да работи во следниот делокруг: го следи извршувањето на републичкиот општествен план во областа на индустријата и рударството како и занаетчиството во целина; го следи дејството на економските мерки и стопанскиот систем во тие области; ја следи работата на установите, институтите и другите организации во областа на унапредувањето на индустриското производство и технологија; го обезбедува спроведувањето на прописите за индустриско-техничките инспекции; му предлага на Извдшниот совет донесување на прописи и преземање на мерки во областа за кои е основан и врши други управни работи од надлежноста на Републиката доколку некои од нив не се ставени во надлежност на други републички органи.

Во состав на Републичкиот секретаријат за индустрија се Инспекторот за парни котлови, Рударско-металуршкиот инспекторат и Електро-енергетскиот инспекторат.

Член 5

Републичкиот секретаријат за градежништво и комунални прашања и Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика ќе почнат со работа на 1 септември 1963 година кога се укинуваат Републичкиот секретаријат за народно здравје и Републичкиот секретаријат за социјална политика и комунални работи.

Член 6

Службениците на укинатите републички секретаријати како и на Републичкиот секретаријат за индустрија кои работат во областа на градежништвото преминуваат во соодветните новоосновани републички секретаријати.

Член 7

Републичкиот секретаријат за градежништво и комунални прашања, Републичкиот секретаријат за индустрија и Републичкиот секретаријат за народно здравје и социјална политика ќе ја утврдат својата внатрешна организација и систематизација во рок од еден месец од влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Поблиски прописи за спроведување на овој закон во врска со престанокот со работа на укинатите републички секретаријати ќе донесе Извршниот совет.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

210.

На основа на член 171 став 5 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1962 ГОДИНА

Се прогласува Законот за завршната сметка за извршувањето на буџетот на Народна Република Македонија за 1962 година, што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го усвои на седницата на Републичкото собрание, одржана на 24 август 1963 година и на седницата на Организационо-политичкиот собор, одржана на 24 август 1963 година.

У бр. 1
24 август 1963 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

ЗАКОН

ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕТО НА БУЏЕТОТ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1962 ГОДИНА

Член 1

Остварените приходи и извршените расходи по Буџетот на Народна Република Македонија за 1962 година изнесуваат:

— приходи	12.343.837.749 динари
— расходи	12.065.768.988 динари
— вишок на приходи . .	278.068.761 динари

Член 2

Вишокот на приходите од претходниот член се состои:

— од издвојувањето на 10% од приходите за посебната буџетска резерва . . .	241.834.550 динари
— од останатиот вишок . .	36.234.211 динари

Член 3

Вишокот на приходите од претходниот член се внесува во Буџетот на Народна Република Македонија за 1963 година.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

211.

На основа член 202 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Републичкиот собор одржана на 24 август 1963 година донесе

ОДЛУКА

ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИ СЕКРЕТАРИ

Се именуваат:

1. за републички секретар за градежништво и комунални прашања инж. Тиберие Кирија, професор на Техничкиот факултет; и

2. за републички секретар за народно здравје и социјална политика д-р Никола Георгиевски, досегашен републички секретар за народно здравје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 9
24 август 1963 година
Тетово

Претседател
на Собранието на СРМ,
Видое Смилевски, с. р.

212.

На основа член 16 став 2 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ И УТВРДУВАЊЕ НА ДЕЛОКРУГОТ НА ОДБОРИТЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во Одлуката за основање и утврдување на делокругот на одборите на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 29/63) точка I се менува и гласи:

„Се основаат следните одбори на Извршниот совет:

1. Одбор за внатрешна политика;
2. Одбор за стопанство;
3. Одбор за општествен план;
4. Одбор за организационо-политички прашања;
5. Одбор за просвета и култура;
6. Одбор за високо школство и наука;
7. Одбор за народно здравје и социјална политика".

II. Во точка III сврзникот „и" помеѓу зборовите „финансиите и трудот" се заменува со запирка а потоа се додаваат зборовите „станбено-комуналната изградба".

III Точка VI се менува и гласи:

„Одборот за просвета и култура ги разгледува прашањата на системот на воспитувањето и образованието, просветата, културата, физичката култура и организацијата на установите во тие области, освен прашањата на управувањето во нив и ја координира работата на републичките органи на управата во тие области".

IV. По точка VI се додава нова точка VII која гласи:

„Одборот за високо школство и наука ги разгледува прашањата на системот на високото школство, научно-истражувачката работа, организацијата на установите во тие области, освен прашањата на управувањето во нив и ја координира работата на соодветните републички органи на управата".

V. Во досегашната точка VII, која станува точка VIII, се бришат зборовите „прашањата од областа на станбената и комуналната политика".

Досегашните точки VIII и IX стануваат точки IX и X.

VI. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 09-2211/1
16. VIII 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

213

На основа член 17 став 1 од Законот за организација и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРИТЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ

I. Во Одлуката за именување претседатели и членови на одборите на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 27/63), во точката 5, од Одборот за просвета и култура се разрешуваат членовите:

1. СПАСЕ КУЉАН, секретар на Советот за научна работа на СРМ и
2. КИРО МИЉОВСКИ, ректор на Универзитетот во Скопје.

II. По точка 5 од Одлуката се додава нова точка 6 која гласи:

„Во Одборот за високо школство и наука:

а) за претседател:

1. ВЕСЕЛИНКА МАЛИНСКА, член на Извршниот совет

б) за членови:

1. СЛАВКА ГЕОРГИЕВА — АНДРЕЕВИЌ, републички секретар за просвета;
2. ПЕТАР ЗДРАВКОВСКИ, пратеник во Сојузната скупштина;
3. ТРПЕ ЈАКОВЛЕВСКИ, член на Извршниот совет;
4. СПАСЕ КУЉАН, секретар на Советот за научна работа;
5. КИРО МИЉОВСКИ, ректор на Скопскиот универзитет
6. БОРО ПЕТКОВСКИ, член на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;
7. БОШКО СТАНКОВСКИ, потпретседател на Главниот одбор на ССРНМ;
8. ДРАГАН ТАШКОВСКИ, наставник на Политичката школа во Скопје и

Точките 6 и 7 стануваат 7 и 8".

III. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 09-2221/1
16 VIII 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

214.

На основа член 19 став 2 од Законот за организацијата и работењето на Извршниот совет („Службен весник на СРМ" бр. 15/63), Извршниот совет донесува

ОДЛУКА
ЗА ОБРАЗУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊАТА НА ЕВАКУАЦИЈАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СКОПЈЕ

I. Се образува Комисија за прашањата на евакуацијата на населението од Скопје.

II. Комисијата има задача да ја координира и усмерува работата на органите и организациите што го вршат евакуирањето, прифаќањето и згрижувањето на населението од Скопје, како и да се грижи за организирањето на враќањето на евакуираните лица во Скопје.

Во извршувањето на задачите од претходниот став Комисијата му предлага на Извршниот совет преземањето на соодветни мерки.

III. Во Комисијата се именуваат:

а) за претседател:

КАТА ЛАХТОВА, член на Главниот одбор на ССРНМ;

б) за членови:

МИХАЈЛО АПОСТОЛСКИ, член на Главниот одбор на ССРНМ;

ЛЕНЧЕ АРСОВА, директор на Заводот за социјални прашања на СРМ;

ЧЕДО ГРУЈОСКИ, советник на Републичкиот секретаријат за просвета;

ВЕРА ДЕСПОТОВИЌ, член на Главниот одбор на Црвениот крст;

ВАСКА ДУГАНОВА, републички секретар за труд;

БЛАЖО КАМЧЕВСКИ, член на Секретаријатот на Републичкиот совет на ССЈ за Македонија;

ДИМИТАР МИРЧЕВ, член на Централниот комитет на Сојузот на младината на Македонија;

РИСТО НЕЧОВСКИ, началник на одделение во Републичкиот секретаријат за народна одбрана;

ТРАЈКО СТАВРЕВСКИ, началник на одделение во Градското собрание — Скопје;

ЕФТО ТРАЈКОВСКИ, началник на одделение на Градското собрание — Скопје; и

СЛАВЕ ТРАЈКОВСКИ, претседател на Градскиот одбор на Сојузот на здруженијата на боречките организации — Скопје.

IV. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 09-2222/1
16. VIII 1963 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
Александар Грличков, с. р.

Оіласен дел

ЛИКВИДАЦИИ

Врз основа на решението на Оклоиското собрание на Титоввелешка околија бр. 02-2869 од 25. IV. 1963 година Околиската дирекција за водостопанство и мелиорации престана со работа.

Се поканува сите должници и поверители на Дирекцијата во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот да ги пријават своите побарувања односно долгови. По овој рок нема да се признаваат никакви побарувања, а против должниците ќе се поведе постапка за наплата на долговите.

Од Ликвидационата комисија (1005)

Врз основа на решението бр. 03-1818 од 13. IV. 1963 година на Народниот одбор на општината Ѓорче Петров, престана со понатамошна работа Општата градежна занаетчиска задруга „Младост" од Ѓорче Петров, сметано од 13. IV. 1963 година.

Со решение на Ликвидационата комисија при Народниот одбор на општината Ѓорче Петров бр. 3 од 15. VI. 1963 година за ликвидатор е назначен Блажо Тодоров Јанчевски, книговодител на З. З. „Прогрес", село Влае, Ѓорче Петров.

Се повикуваат сите поверители и должници во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да ги пријават своите побарувања, односно да ги измират своите обврски спрема задругата.

Во спротивно ќе се смета за исправна книговодствената состојба на задругата, а неплатените побарувања ќе се измират преку судот.

Од Ликвидационата комисија (1009)

РЕГИСТРАЦИИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 3 во Тетово, ул. „Страшо Пинџур" бр. 47. Предмет на работењето на

продавницата е: ќе работи со текстилни и плетени стоки, конфекција и кожна галантерија, јутени ткаенини и сите видови пластични стоки.

Продавнцата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-18446/1 од 29. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Абдирауф Абдиу.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 70/63. (138)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 4 во Тетово, плоштад „Маршал Тито" бр. 13. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на текстилни и плетени стоки, конфекција и кожна галантерија, јутени ткаенини и сите видови пластични стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" — Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-18447/1 од 21. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Назив Ибрахими.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 71/63. (139)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 6 во Тетово, плоштад „Маршал Тито" бр. 28. Предмет на работењето на продавницата е: промет со текстилни и плетени стоки, конфекција и кожна галантерија, јутени ткаенини и сите видови пластични стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-18472/1 од 29. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Стадомир Пауновски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

бр. 73/63. (140)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 7 во Тетово, плоштад „Маршал Тито" бр. 12. Предмет на работењето на продавницата е: промет со текстилни и плетени стоки, конфекција и кожна галантерија, јутени ткаенини и сите видови пластични стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-18448/1 од 29. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Благоја Чолаковски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 65/63. (141)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 8 во Тетово, ул. „Илинденска" бр. 2. Предмет на работењето на продавницата е: промет со текстилни и плетени стоки, конфекција и кожна галантерија, јутени ткаенини и сите видови пластични стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово бр. 04-18444/1 од 29. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Андро Михајловски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 63/63. (142)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 9 во Тетово, плоштад „Маршал Тито бр. 37. Предмет на работењето на продавницата е: ќе продава текстилни и плетени стоки, конфекција и кожна галантерија, јутени ткаенини и сите видови пластични стоки.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-18445/1 од 29. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Стојан Петровски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 62/63. (143)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 16 во Тетово, ул. „Беличица" бр. 24. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на јутени производи, производи од гума, каучук и пластични маси и кожна галантерија.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово бр. 15020/1 од 14. XI. 1962 година.

Раководител на продавницата е Мето Дојчиновски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 56/63. (144)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 290, страна 1135, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово — Продавница број 17 во Тетово, ул. „Тодор Циповски Мерџан" бр. 10. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на тешка и лесна конфекција, како и сите видови на кратка комадна стока од волнено, памучно и синтетично предиво.

Продавницата е основана од Трговското претпријатие за промет на големо и мало со текстил и кожна галантерија „Јелак" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-16636/1 од 17. XI. 1962 година.

Раководител на продавницата е Мето Дојчиновски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 66/63. (145)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 103, страна 497, книга III, е запишан под фирма: Сервис за превоз, утовар, растовар и други услуги — Скопје, ул. „Стив Наумов" бр. 121. Предмет на работењето на сервисот е: вршење превоз, утовар, растовар и други услуги на стопанските организации, установите, граѓаните и др.

Сервисот е основан од Народниот одбор на општината Кале — Скопје, со решението бр. 205 од 26. X. 1962 година.

Сервисот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Мингов Ангел, в. д. директор, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 103/63. (160)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 55, страна 125, е запишана под фирма: Фабрика за конфекција „Единство" од Тетово — Продавница број 3 во Тетово, ул. „Страшо Пинџур" бр. 39. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на долна и горна конфекција, јоргани и душеци од свое производство, како и трикотажни производи од други претпријатија за дополнување на асортиманот.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Фабриката за конфекција „Единство" — Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-16758/1 од 20. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Стојан Јоргаќијевиќ.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 792/62. (165)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 389, страна 201, книга II, е запишан под фирма: Шумско стопанство „Кожув "од Гевгелија — Погон за изработка на дрвна амбалажа во село Миравци (со самостојна претсметка). Предмет на работењето на погонот е: изработка на дрвна амбалажа.

Погонот е основан од Работничкиот совет на Шумското стопанство „Кожув" — Гевгелија, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Гевгелија, бр. 03-3066/1 од 9. VII. 1962 година.

Погонот ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Поп Дучев инж. Михаил, директор, Глигоров Илија, шеф на сметководството, и Танчев Ристо, раководител на погонот, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 760/62. (1)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 260, страна 977 ,книга I, е запишано под фирма: Новинско-издавачко претпријатие „Борба" — Белград — Претставништво во Куманово, ул. „Вардарска" бр. 3. Предмет на работењето на претставништвото е: продажба на сите изданија на новинско-издавачкото претпријатие „Борба" — Белград, како и изданијата на другите новинско-изда-

вачки претпријатија, прибирање на огласи за издавачкото претпријаите „Борба "и продажба на стари весници.

Претставништвото е основано од Работничкиот совет на Новинско-издавачкото претпријатие „Борба" — Белград, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово ,бр. 04-10712/1 од 15. VI. 1962 година.

Претставништвото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Петруш Ивановски, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 747/62. (3)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница (трафика) број 9 во Скопје, ул. „Партизанска" б. б. (населба „Карпош"). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутун, преработки од тутун ,таксени и поштенски вредносници и сл., прибор за пушење, пишување и бричење, хигиенска гума и разни разгледници.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Тутун" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија, Скопје, бр. 04-18860/1 од 10. XI. 1962 година.

Раководител на продавницата е Илија Лозанов.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 756/62. (7)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница (трафика) бр. 46 во Скопје, ул. „Беласица" (до Воена болница). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на цигари, кибрит, вредносници, прибор за пушење, и бричење, разни разгледници и хигиенска гума на мало.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула — Скопје, бр. 03/1-18227 од 13. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Георгиевски Бранко.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 768/62. (22)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга I, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница (трафика) број 7 во Скопје, ул. „ЈНА" б. б. (во СВР). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутун, преработки на тутун, таксени и поштенски вредносници сл., прибор за пушење, пишување и бричење, хигиенска гума и разни разгледници.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија, Скопје, бр. 04-18859/1 од 10. XI. 1962 година.

Раководител на продавницата е Елена Симова.

Продавницата ќе ја претставува ,задолжува и раздолжува матичното претпријатие во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 754/62. (5)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница (трафика) број 2 во Скопје ул. „Партизанска" б. б. (Техничко училиште). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на мало на тутун, преработки од тутун, таксени и поштенски вредносиници и сл., прибор за пушење, пишување и бричење, хигиенска гума и разни разгледници.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Тутун" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Идадија, Скопје, бр. 04-68859/1 од 10. XI. 1962 година.

Раководител на продавницата е Илија Тодоров.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 755/62. (6)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносниц на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница бр. 47 (Кумановска трошарина). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на цигари, кибрит, вредносници, прибор за пушење и бричење, разни разгледници и хигиенска гума на мало.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје, а согласно со решението бр. 03/1-18226 од 13. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Ивановски Јордан.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 770/62. (23)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница (трафика) број 48 во Скопје, ул. „Индустриска" (раскрсница Автокоманда). Предмет на работењето на продавницата е: продажба на цигари, кибрит, вредносници, прибор за пушење и бричење, разни разгледници и хигиенска гума на мало.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула — Скопје, бр. 03/1-18225 од 13. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Владо Николовски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето матичното претпријатие.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 769/62. (24)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 213, страна 773, книга II, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" од Скопје — Продавница (трафика) бр. 51 во Скопје, ул. „Цветан Димов" (Чаир). Предмет на работењето на продавницата е :продажба на цигари, кибрит, вредносници, прибор за пушење и бричење, разни разгледници и хигиенска гума на мало.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за промет со цигари, кибрит и вредносници на големо и мало „Тутун" — Скопје, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Саат Кула — Скопје, бр. 03/1-18228 од 13. XII. 1962 година.

Раководител на продавницата е Лазаревски Наум.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 771/62. (25)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 205, страна 625, книга I, е запишан под фирма: Фабрика за производство на крупна кожа од Куманово — Работничко-службенички ресторан во Куманово. Предмет на работењето на ресторанот е: приготвување (готвење) на сите врсти топли и ладни јадења за појадок, ручок и вечера; набавка и продажба на сите врсти сувомесни производи и прехранбени артикли, како и конзервирани и неконзервирани прехранбени артикли, сите врсти безалкохолни пијалоци и пиво и цигари од сите врсти.

Ресторанот е основан од Работничкиот совет на Фабриката за производство на крупна кожа во Куманово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Куманово, бр. 04-23517/1 од 3. XII. 1962 год.

Раководител на ресторанот е Стошевски Димитриев Александар.

Работничко-службеничкиот ресторан ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат: Денковски Бошков Ангел, Георгиевски Стојанов Трајко и Љомов Андонов Андон, службеници во фабриката, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 745/62. (38)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1231 ,е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово — Продавница број 11 во Тетово, ул. „Илинденска" бр. 11. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на градежни железарски, електротехнички, санитарни, инсталациони и метални материјали и стоки, намештај, машини за шиење, прибор, фотографски и оптички материјали, оружје, муниција, експлозивни и пиротехнички материјали, ловечки материјали и прибор, рибарски материјали и прибор, велосипеди, колички и други трговски стоки и материјали.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-218/1 од 10. I. 1963 година.

Раководител на продавницата е Рецеп Арофи.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 130/63. (280)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1231, е запишана под фирма: Трговско претпријатие за огревни ,градежни и железарски материјали на големо и мало „Тесла" од Тетово — Продавница во Тетово, ул. „Страшо Пинџур" бр. 38. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на градежни, железарски, електро-технички, санитарни, инсталациони материјали и метални стоки, саати, изработки од скапоцени метали, музички инструменти, велосипеди, бои, лакови, хемикалии и прибор, технички стоки за снабдување на производните и градежните претпријатија, услужните сервиси, занаетчиските претпријатија, селскостопански орудија и алат, канцелариски и кујќен мебел и други материјали.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие за огревни, градежни и железарски материјали на големо и мало „Тесла" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово бр. 04-218/1 од 10. I. 1963 година.

Раководител на продавницата е Мирче Спировски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружнио тстопански суд во Скопје, Фи бр. 139/63. (282)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1231, е запишан под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово — Склад во Тетово, ул. „Страшо Пинџур" бр. 62. Предмет н аработењет она складот е: ускладиштување и продажба на големо и мало на градежни, железарски и електротехнички материјали, санитарни инталациони и метални материјали и стоки, наменшај, машини за шиење и прибор, музички инструменти, радиоапарати и прибор, фотографски и оптички апарати, саати и изработки од драгоцени метали, моторни возила и резервни делови и прибор, велосипеди, нафтени деривати, мазива, уља и масти, муниција, оружје, експлозивни и пиротехнички материјали и прибор, технички стоки за снабдување на производните претпријатија, занаетчиството, селскостопански орудија, алати и други материјали.

Складот е основан од Работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-218/63 од 10. I. 1963 година.

Раководител на складот е Стево Сарковски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 142/62. (284)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1231, е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово — Продавница број 5 во Тетово, ул. „Борис Кидрич". Предмет на работењето на продавницата е: продажба на огревни материјали, огревно дрво од сите видови, јаглен од сите врсти, јамско дрво, брикети, дрвен јаглен и други огревни материјали, како и градежни материјали.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие „Тесла" — Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 02-218/1 од 10. I. 1963 година.

Раководител на продавницата е Стојан Симовски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 135/63. (275)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1231 е запишана под фирма: Трговско претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово — Продавница број 6, ул. „Иво Рибар Лола" бр. 147. Предмет на работењето на продавницата е: продажба на градежни материјали, цемент, керамиди, цигли, вар, обла граѓа, даски, бунарски мотки, паркет, шпер плочи, панел плочи, лесонит, трска, бродарски под и други градежни материјали.

Продавницата е основана од Работничкиот совет на Трговското претпријатие на големо и мало за огревни, градежни и железарски материјали „Тесла" од Тетово, а согласно со решението на Народниот одбор на општината Тетово, бр. 04-218/1 од 10. I. 1963 година.

Раководител на продавницата е Спиро Цветановски.

Продавницата ќе ја претставува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи бр. 136/63.

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 300, страна 1231 е запишана под фирма: Трговско претпријатие за огревни, градежни и железарски материјали на големо и мало „Тесла" од Тетово — Продавница број 7 во Тетово, ул. „Тодор Циповски" бр. 12. Предмет на работењето на продавницата е: ќе работи со куќен и канцеларски мебел, кујни, спални, комбиновани соби, мушами, страгули, тепици, линолеум, детски играчки, дрвени и поникловани производи и друго.

